**РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**

**УНИВЕРЗИТЕТ „СВ. КИРИЛ И МЕТОДИЈ“**

**ВО СКОПЈЕ**

ISSN-1857-9779

# Б И Л Т Е Н

**НА**

**УНИВЕРЗИТЕТОТ „СВ. КИРИЛ И МЕТОДИЈ“**

**ВО СКОПЈЕ**

**Број 1155**

**Скопје, 16 октомври 2017 година**

# Р Е Ф Е Р А Т

ЗА ИЗБОР НА НАСТАВНИК ВО СИТЕ ЗВАЊА ВО НАУЧНИТЕ ОБЛАСТИ (ДИСЦИПЛИНИ): ФИЗИОЛОГИЈА СО ФУНКЦИОНАЛНА АНАТОМИЈА И ХУМАНА ГЕНЕТИКА, ПОД БРОЈ 30118 (ДРУГО) И МЕДИЦИНСКИ ОСНОВИ НА ИНВАЛИДНОСТА, АУТИЗАМ И МЕДИЦИНСКА РЕХАБИЛИТАЦИЈА НА МОТОРНИТЕ НАРУШУВАЊА, ПОД БРОЈ 30225 (ДРУГО) НА ФИЛОЗОФСКИОТ ФАКУЛТЕТ ВО СКОПЈЕ

Врз основа на конкурсот на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје, објавен во весникот „Нова Македонија" на 3.X 2017 година за избор на наставник во сите звања во научните области (дисциплини): физиологија со функционална анатомија и хумана генетика, под број 30118 (друго) и медицински основи на инвалидноста, аутизам и медицинска рехабилитација на моторните нарушувања, под број 30225 (друго) според Класификацијата на научни области, полиња и гранки на истражување, усогласена со стандардите на OECD и UNESCO и врз основа на Одлуката на Наставно-научниот совет на Филозофскиот факултет бр. 04-1882/4 донесена, на неговата II редовна седница одржана на 12.X 2017 година, формирана е Рецензентската комисија во состав: д-р Александар Димовски, редовен професор на Фармацевтскиот факултет во Скопје, д-р Бети Дејанова, редовен професор на Медицинскиот факултет во Скопје и д-р Марија Ралева, редовен професор на Медицинскиот факултет во Скопје.

Како членови на Рецензентската комисија, по прегледувањето на доставената документација го поднесуваме следниов

## - И З В Е Ш Т А Ј

На објавениот конкурс за избор на наставник во сите звања во научните области (дисциплини): физиологија со функционална анатомија и хумана генетика, под број 30118 (друго) според Класификацијата на научни области, полиња и гранки на истражување, усогласена со стандардите на OECD и UNESCO; медицински основи на инвалидноста, аутизам и медицинска рехабилитација на моторните нарушувања, под број 30225 (друго) според Класификацијата на научни области, полиња и гранки на истражување, усогласена со стандардите на OECD и UNESCO, во предвидениот законски рок, се пријавил еден кандидат: проф. д-р Владимир Трајковски, кој досега беше ангажиран на работното место редовен професор на Институтот за дефектологија при Филозофскиот факултет на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје.

Кандидатот заедно со пријавата доставил: куса биографија, преглед на објавени трудови и текстови на објавени трудови.

## 1. Биографски податоци и професионален развој

Проф. д-р Владимир Трајковски е роден на 13.XI 1968 година во Скопје. Средното медицинско училиште го завршил во Медицинскиот училиштен центар "Д-р Панче Караѓозов" во јуни 1987 година со континуиран одличен успех (5.00) во сите четири учебни години, заради што е избран за првенец на генерацијата. Студиите на Медицинскиот факултет во Скопје ги започнал во учебната 1988/89, а ги завршил во февруари 1994 година со просечен успех 9,65. Задолжителниот стручен испит го положил во февруари 1995 година, а од октомври 1995 година ги започнал постдипломските студии на Медицинскиот факултет во Скопје.

Во јуни 1997 година е избран за помлад асистент по предметите: Хумана генетика и Нуклеарно-хемиско-биолошки загрозувања и заштита на Филозофскиот факултет во Скопје.

На 19 март 1999 година, на Медицинскиот факултет во Скопје, успешно ја одбранил магистерската теза под наслов: „Смртноста кај пациенти со акутна бубрежна инсуфициенција (5-годишен клинички материјал)", со што се стекнал со звањето магистер на медицински науки.

Во октомври 1999 година е избран за асистент по предметите: Хумана генетика и Нуклеарно-хемиско-биолошки загрозувања и заштита на Филозофскиот факултет во Скопје.

Во ноември 1999 година, на Институтот за дефектологија при Филозофскиот факултет, ја пријавува темата за изработка на докторска дисертација под наслов: „Имуногенетски анализи кај лица со аутизам во Република Македонија", која ја одбранил на 11 декември 2002 година под менторство на проф. д-р Мирко Спироски.

На IV редовна седница на Наставно-научниот совет на Филозофскиот факултет одржана на 4.XII 2002 година, избран е за асистент по предметите: Медицински основи на хендикепираноста и хумана генетика.

На XII редовна седница на Наставно-научниот совет на Филозофскиот факултет одржана на 2.IV 2003 година, избран е за доцент по предметот Хумана генетика.

Од мај 2003 година се вклучува во наставата на постдипломските студии на Институтот за дефектологија. Во мај 2006 година одржувал предавања по хумана генетика како визитинг-професор на Југозападниот универзитет „Неофит Рилски" во Благоевград, Бугарија.

На 26.XII 2007 година е избран за вонреден професор по хумана генетика, медицински основи на инвалидноста, физиологија со функционална анатомија на Филозофскиот факултет во Скопје.

Во летниот семестар 2008 година го предавал предметот Физиологија на Високата здравствена школа при Универзитетот „Гоце Делчев" во Штип.

На 19.X 2012 година е избран за редовен професор по хумана генетика, медицински основи на инвалидноста, физиологија со функционална анатомија, аутизам на Филозофскиот факултет во Скопје.

Активно се служи со англискиот, српскиот, хрватскиот и бугарскиот јазик.

Во периодот од неговиот последен избор е ангажиран за следните научни области (дисциплини) и предмети: хумана генетика, медицински основи на инвалидноста, физиологија со функционална анатомија, аутизам, медицинска рехабилитација на моторни нарушувања, генетика и физиологија за психолози.

Рецензентската комисија ги имаше предвид вкупните научни, стручни, педагошки и други остварувања на кандидатот од почетокот на кариерата, објавени во Билтен бр. 686/37 од 9.VI 1997 година, Билтен бр. 735/89 од 11.VI 1999 година, Билтен бр. 815/201 од 15.XI 2002 година, Билтен бр. 824/67 од 14.III 2003 година, Билтен бр. 931/59 од 30.XI 2007 година, и Билтен бр. 1034/133 од 2.VII 2012 година, како и вкупните научни, стручни, педагошки и други остварувања на кандидатот од последниот избор до денот на пријавата, врз основа на сета поднесена документација која е од важност за изборот.

## 2. Наставно-образовна дејност

Во рамките на наставно-образовната дејност на УКИМ, кандидатот д-р Владимир Трајковски изведува настава и вежби на прв циклус студии на студиската програма по специјална едукација и рехабилитација и втор циклус на студиската програма по специјална едукација и рехабилитација на Институтот за дефектологија при Филозофскиот факултет во Скопје. Според најновите студиски програми, од учебната 2012/2013 година до денес, тој е вклучен во реализација на наставата по предметите: Хумана генетика, Физиологија со функционална анатомија и Медицински основи на инвалидноста.

Кандидатот бил ментор на 23 дипломски трудови.

Кандидатот учествувал како член во Комисија за оцена или одбрана на 34 дипломски, 15 магистерски трудови и на 4 докторски дисертации.

Проф. д-р Владимир Трајковски бил рецензент на 1 универзитетски учебник:

- Рашиќ-Цаневска О. (2016) Окупациона терапија. Скопје: Филозофски факултет (ISBN 978-608-238-103-9).

Кандидатот подготвил пакет материјали за 7 нови предмети од прв, втор и трет циклус студии на Институтот за дефектологија при Филозофскиот факултет во Скопје.

**Конкретните активности се наведени во табелата во Анекс 2 (член 2) од Правилникот за избор, со датуми и други релевантни податоци.**

Согласно со член 13 од Правилникот за критериумите и постапката за избор во наставно-научни, научни, наставно-стручни и соработнички звања на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје (Универзитетски гласник бр. 173 од 1.8. 2011 година), проф. д-р Владимир Трајковски остварил вкупно **110,5 поени од наставно-образовната дејност** и со тоа неколку пати го надминал минималниот потребен број на поени (20) по овој основ за реизбор во звањето редовен професор.

## 3. Научноистражувачка дејност

Д-р Владимир Трајковски има објавено вкупно 21 научен труд од областите: хумана генетика, физиологија со функционална анатомија, медицински основи на инвалидноста, аутизам и научно публицирање, од кои 3 научни труда во научни списанија со импакт-фактор (фактор на влијание), 13 труда во меѓународни научни списанија и 8 труда во зборници од меѓународни научни конференции со меѓународно учество.

Д-р Владимир Трајковски учествувал како член во 2 национални и 4 меѓународни научни проекти.

Кандидатот одржал 1 предавање по покана на референтен странски универзитет.

Педагошкиот капацитет на проф. д-р Владимир Трајковски е високо ценет и систематски потврдуван меѓу студентите. Како исклучителен експерт во областа, тој бил ментор на 7 магистерски труда и една докторска дисертација.

## Други активности кои припаѓаат во научноистражувачката дејност, релевантни за изборот.

Во поглед на научноистражувачката работа може да се констатира дека кандидатот д-р Владимир Трајковски имал значајни ангажмани и остварил забележителни резултати. Тој учествувал со 11 пленарни, воведни и секциски предавања на научно стручни собири, симпозиуми и семинари и истовремено ги афирмирал своите научно-стручни квалитети, при што континуирано се занимава со прашањата поврзани со областите за кои е распишан конкурсот. Во изминатиот период, тој објавил 19 апстракти во зборници од меѓународни научни конференции.

Во најголемиот број од научните трудови на д-р Владимир Трајковски објавени од претходниот избор, презентирани се емпириски истражувања кои се

одликуваат со јасно дефиниран предмет, со примена на соодветна методологија и стручно-научна аргументација. Анализата на научните трудови на проф. д-р Владимир Трајковски јасно потврдува дека авторот е врвен познавач на своите научноистражувачки проблеми и научните области и полиња: хумана генетика, физиологија со функционална анатомија, медицински основи на инвалидноста, аутизам, медицинска рехабилитација на моторни нарушувања.

Согласно со член 13 од Правилникот за критериумите и постапката за избор во наставно-научни, научни, наставно-стручни и соработнички звања на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје (Универзитетски гласник бр. 173 од 1.8. 2011 година), проф. д-р Владимир Трајковски остварил вкупно **171,084 поени од научноистражувачката дејност** и со тоа за 8,5 пати го надминал минималниот потребен број на поени (20) по овој основ за повторен избор во звањето редовен професор.

**Називите на трудовите, проектите и сл. се наведени во табелата во Анекс 2 (член 3/член 4) од Правилникот за избор, со датуми и други релевантни податоци.**

## 4. Стручно-апликативна дејност

Д-р Трајковски активно е вклучен во стручно-апликативната работа на Институтот за дефектологија. Тој бил рецензент на 4 труда публикувани во зборникот на трудови од меѓународната конференција: "Modern aspects of special education and rehabilitation of persons with disabilities". Кандидатот бил честопати поканувал да биде рецензент на трудови во домашни и странски меѓународни списанија каде што рецензирал 5 труда објавени во: *Macedonian Journal of Medical Sciences, Acta Facultatis Medicaenaissensis, Belgrade School of Special Education and Rehabilitaion, Insights on Learning Disabilities: From Prevailing Theories to Validated Practices, Macedonian Electronic Medical Journal.*

Во рамките на дејностите од поширок интерес, проф. Трајковски се истакнува како главен и одговорен уредник на „Дефектолошка теорија и практика" – меѓународно научно стручно списание од 2008 година наваму, каде што претходно во континуитет бил заменик-главен уредник од 2004 година. Неговите успеси во редакцијата се несомнени со што го етаблира списанието во меѓународни рамки, ја зголемува неговата видливост преку големиот број на индексации и апстрактирања, а сето тоа преку креирањето на онлајн- верзијата која оди во слободен пристап. Сето ова го вбројува меѓу најдобрите пет списанија во Македонија со можност за добивање на фактор на влијание во блиска иднина.

Неговата голема активност во публицистичката дејност може да се согледа и во тоа што тој е член во осум уредувачки одбори на меѓународни научни списанија, и тоа: Journal of Policy and Practice in Intellectual Disabilities (од 2004 до денес), Bulgarian Journal of Communication Disorders (од 2006 до денес), Insights on Learning Disabilities (од 2011 до денес), The Open Access Journal of

Science and Technology (од 2013 до денес), Journal of Evolution of Medical and Dental Sciences (од 2013 до денес), Belgrade School of Special Education and Rehabilitation (од 2014 до денес), Journal Human Research in Rehabilitation (од 2015 до денес), International Journal of Cognitive Research in Science, Engineering and Education (од 2015 до денес).

Тој, исто така, даде значаен придонес како член на програмски, рецензентски или научен одбор на 11 меѓународни научни конференции и научни собири:

- 4 Меѓународна конференција: "Модерни аспекти на специјалната едукација и рехабилитација на лица со инвалидност", Охрид, октомври 2013;
- меѓународен конгрес на студенти по специјална едукација и рехабилитација, ноември 2013, Златибор, Србија;
- Меѓународна конференција: „Дефектолошка работа со деца на рана возраст", јуни 2014, Нови Сад, Србија;
- меѓународна конференција: "Современа дефектолошка работа – рехабилитација, превенција на исклученоста и инклузија", Медицински факултет, ноември 2014, Нови Сад, Србија.
- меѓународна конференција: „Актуелна дефектолошка практика", март 2015, Зрењанин, Србија;
- II конгрес на логопедите на Србија: „Говорно јазични нарушувања во развојниот период", мај 2015, Белград, Србија;
- меѓународна научна конференција: „Асистивната технологија како подршка на развојот на човекот", септември 2015, Краков, Полска;
- 4 стручно-научен собир со меѓународно учество „Актуелности во едукацијата и рехабилитацијата на лицата со пречки во развојот", октомври 2015, Белград, Србија:
- меѓународна конференција: „Рана интервенција во специјалната едукација и рехабилитација", хотел „Патриа", октомври 2016, Суботица, Србија;
- први меѓународен конгрес на лица со посебни потреби: „А, зошто да не сме различни?", конгресен центар на скопски Саем, октомври 2016, Скопје;
- Стручно научен собир: „Денови на дефектолозите на Србија", февруари 2017, Нови Сад, Србија.

Тој е организатор и предавач на недела на отворен пристап со тема: Open Journal Systems на Филозофски факултет, Скопје, 2012 год. Потоа тој зема учество како предавач на регионална конференција: Јавните библиотеки поттикнуваат иновации во заедницата со тема: "Пристап до јавните библиотеки на лицата со инвалидност", Радовиш, 2013 год. Своето активно и континуирано учество како предавач го манифестира на пет национални работилници и семинари.

Од факултетските активности, за акцентирање се и следнибе: бил Еразмус- координатор на Филозофскиот факултет од 2009 до 2013 година; од 2009 до 2013 година бил раководител на наставно-научниот колегиум на постдипломските студии на Институтот за дефектологија каде што внесува голем број новини во неговата работа преку организирање на стручни семинари и симпозиуми, организира студиски посети на постдипломците и учествува во размената на студенти од втор циклус со Универзитетот во Осло; член е на здравствен пункт на Филозофскиот факултет, за ракување со преносен дефибрилатор и со средствата за давање прва помош.

Неговото активно учество во невладиниот сектор се гледа преку бројните учества во разни невладини организации и европски здруженија. Тој е претседател на Македонското научно здружение за аутизам од 2005 година наваму, со што дава огромен придонес во решавањето на овој горлив проблем во Република Македонија, континуирано ја подигнува јавната свесност за проблемот и презема лоби активности кон Владиниот сектор за подобрување на квалитетот на живот, едукацијата и рехабилитацијата на популацијата со аутизам и нивните семејства.

Согласно со член 13 од Правилникот за критериумите и постапката за избор во наставно-научни, научни, наставно-стручни и соработнички звања на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје (Универзитетски гласник бр. 173 од 1.8. 2011 година), проф. д-р Владимир Трајковски остварил вкупно **46 поени од стручно-апликативната дејност** и со тоа девет пати го надминал минималниот потребен број на поени (5) по овој основ за реизбор во звањето редовен професор.

**Конкретните активности се наведени во табелата во Анекс 2 (член 5) од Правилникот за избор, со датуми и други релевантни податоци.**

**Оценка од самоевалуација**

Кандидатот д-р Владимир Трајковски добил позитивна оценка од анонимно спроведените анкети со студентите од Институтот за дефектологија при Филозофскиот факултет во Скопје.

-

- ЗАКЛУЧОК И ПРЕДЛОГ

Врз основа на целокупната доставена документација и личното познавање на кандидатот, Рецензентската комисија позитивно ја вреднува и ја оценува наставно-образовната, научноистражувачката и стручно-апликативната дејност, како и дејноста од поширок интерес на д-р Владимир Трајковски.

Имајќи ги предвид сите посочени научни квалитети, како и импресивниот опус на публикации од претходниот избор, неговите наставни и педагошки дострели и интензивната ангажираност во афирмирањето на хуманата димензија, Комисијата заклучи дека д-р Владимир Трајковски поседува научни и стручни квалитети и според Законот за високото образование и Правилникот за критериумите и постапката за избор во наставно-научни, научни, наставно-стручни и соработнички звања и асистенти-докторанди на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје, ги исполнува сите услови да биде повторно избран во звањето **редовен професор** во научните области: физиологија со функционална анатомија и хумана генетика, под број 30118 (друго) и медицински основи на инвалидноста, аутизам и медицинска рехабилитација на моторните нарушувања, под број 30225 (друго) според Класификацијата на научни области, полиња и гранки на истражување, усогласена со стандардите на OECD и UNESCO.

Според гореизнесеното, Комисијата има чест и задоволство да му предложи на Наставно-научниот совет на Филозофскиот факултет во Скопје, д-р Владимир Трајковски да биде повторно избран во звањето **редовен професор** во научните области (дисциплини): физиологија со функционална анатомија, хумана генетика, медицински основи на инвалидноста, аутизам и медицинска рехабилитација на моторните нарушувања.

**Рецензентска комисија**

Проф. д-р Александар Димовски, с.р.

Проф. д-р Бети Дејанова, с.р.

Проф. д-р Марија Ралева, с.р.

*Анекс 2*

# ОБРАЗЕЦ
## КОН ИЗВЕШТАЈОТ ЗА ИЗБОР ВО НАСТАВНО-НАУЧНО, НАУЧНО, НАСТАВНО-СТРУЧНО И СОРАБОТНИЧКО ЗВАЊЕ

**Кандидат: Владимир Ефтим Трајковски**
(име, татково име и презиме)

**Институција: Филозофски факултет, Институт за дефектологија**
(назив на факултетот/институтот)

**Научна област: хумана генетика, физиологија, медицински основи на инвалидноста, аутистичен спектар на нарушувања, медицинска рехабилитација на моторни нарушувања**

## НАСТАВНО-ОБРАЗОВНА ДЕЈНОСТ

| Ред. број | Назив на активноста (наставно-образовна): | Поени |
|---|---|---|
| | **Одржување на настава за прв циклус студии** | **34,8** |
| 1. | Физиологија со функционална анатомија (4+2), зимски 2012/2013 | 2,4 |
| 2. | Хумана генетика (4+2), летен 2012/2013 | 2,4 |
| 3. | Медицински основи на инвалидноста (менторски 7 кандидати) зимски 2012/2013 | 1,8 |
| 4. | Физиологија (менторски 6 кандидати) зимски 2012/2013 | 1,8 |
| 5. | Генетика (менторски 6 кандидати) зимски 2012/2013 | 1,8 |
| 6. | Физиологија со функционална анатомија (3+3), зимски 2013/2014 | 1,8 |
| 7. | Хумана генетика (3+3), зимски 2013/2014 | 1,8 |
| 8. | Медицински основи на инвалидноста (3+3), летен 2013/2014 | 1,8 |
| 9. | Физиологија со функционална анатомија (3+3), зимски 2014/2015 | 1,8 |
| 10. | Хумана генетика (3+3), зимски 2014/2015 | 1,8 |
| 11. | Медицински основи на инвалидноста (3+3), летен 2014/2015 | 1,8 |
| 12. | Физиологија со функционална анатомија (3+3), зимски 2015/2016 | 1,8 |

| Ред. број | Назив на активноста (наставно-образовна): | Поени |
|---|---|---|
| 13. | Хумана генетика (3+3), зимски 2015/2016 | 1,8 |
| 14. | Медицински основи на инвалидноста (3+3), летен 2015/2016 | 1,8 |
| 15. | Физиологија со функционална анатомија (4+2), зимски 2015/2016 (преслушувачи) | 2,4 |
| 16. | Хумана генетика (4+2), летен 2015/2016 (преслушувачи) | 2,4 |
| 17. | Физиологија со функционална анатомија (3+3), зимски 2016/2017 | 1,8 |
| 18. | Хумана генетика (3+3), зимски 2016/2017 | 1,8 |
| 19. | Физиологија со функционална анатомија (4+2), зимски 2016/2017 (преслушувачи) | 2,4 |
| | **Одржување на настава за втор циклус студии** | **9,15** |
| 20. | Аутизам 2012/2013 (60 кредити) 4x5 = 20x0.05 = 1 (менторски) | 1 |
| 21. | Генетски аспекти на лицата со ментална ретардација и аутизам 2012/2013 2x5 = 10x0.05 = 0.5 (менторски) | 0,5 |
| 22. | Медицинска рехабилитација на лица со моторни нарушувања (60 кредити) 2012/2013 5x5 = 25x0.05 = 1.5 (менторски) | 1,5 |
| 23. | Аутизам 2013/2014 (60 кредити) 24x0.05 = 1.2 | 1,2 |
| 24. | Аутизам 2014/2015 (60 кредити) 5x5 = 25x0.05 = 1.25 (менторски) | 1,25 |
| 25. | Аутизам 2014/2015 (120 кредити) 1x5 = 5x0.05 = 0.25 (менторски) | 0,25 |
| 26. | Медицинска рехабилитација на моторни нарушувања 2014/2015 (60 кредити) 1x5 = 5x0.05 = 0.25 (менторски) | 0,25 |
| 27. | Медицинска рехабилитација на моторни нарушувања 2014/2015 (120 кредити) 2x5 = 10x0.05 = 0.5 (менторски) | 0,5 |
| 28. | Аутизам 2015/2016 (60 кредити) 1x5 = 5x0.05 = 0.25 (менторски) | 0,25 |
| 29. | Медицинска рехабилитација на моторни нарушувања 2015/2016 (60 кредити) 1x5 = 5x0.05 = 0.25 (менторски) | 0,25 |
| 30. | Медицинска рехабилитација на моторни нарушувања 2015/2016 (120 кредити) 3x5 = 15x0.05 = 0.5 (менторски) | 0,75 |
| 31. | Медицинска рехабилитација на моторни нарушувања 2016/2017 (60 кредити) 4x5 = 20x0.05 = 1 (менторски) | 1 |

| Ред. број | Назив на активноста (наставно-образовна): | Поени |
|---|---|---|
| 32. | Планирање на научно истражување - летен 2014/2015 ИО202З 3x0.05=0.15 (менторски) | 0,15 |
| 33. | Планирање на научно истражување - зимски 2015/2016 ДП102З 6x0.05=0.3 (менторски) | 0,3 |
| | **Одржување на вежби за прв циклус студии** | **40,95** |
| 34. | Физиологија со функционална анатомија (4+2), зимски 2012/2013, 2x15x0.03 = 0.9x4 = 3.6 | 3,6 |
| 35. | Хумана генетика (4+2), летен 2012/2013, 2x15x0.03 = 0.9x4 = 3.6 | 3,6 |
| 36. | Физиологија со функционална анатомија (3+3), зимски 2013/2014, 3x15x0.03 = 1.35 | 1,35 |
| 37. | Хумана генетика (3+3), зимски 2013/2014, 3x15x0.03 = 1.35x2 = 2.7 | 2,7 |
| 38. | Медицински основи на инвалидноста (3+3), летен 2013/2014, 3x15x0.03 = 1.35x3 = 4.05 | 4,05 |
| 39. | Физиологија со функционална анатомија (3+3), зимски 2014/2015, 3x15x0.03 = 1.35 | 1,35 |
| 40. | Хумана генетика (3+3), зимски 2014/2015, 3x15x0.03 = 1.35x2 = 2.7 | 2,7 |
| 41. | Медицински основи на инвалидноста (3+3), летен 2014/2015, 3x15x0.03 = 1.35x3 = 4.05 | 4,05 |
| 42. | Физиологија со функционална анатомија (3+3), зимски 2015/2016, 3x15x0.03 = 1.35 | 1,35 |
| 43. | Хумана генетика (3+3), зимски 2015/2016, 3x15x0.03 = 1.35x3 = 4.05 | 4,05 |
| 44. | Медицински основи на инвалидноста (3+3), летен 2015/2016, 3x15x0.03 = 1.35x2 = 2.7 | 2,7 |
| 45. | Физиологија со функционална анатомија (4+2), зимски 2015/2016 (преслушувачи) 2x15x0.03 = 0.9 | 0,9 |
| 46. | Хумана генетика (4+2), летен 2015/2016 (преслушувачи) 2x15x0.03 = 0.9 | 0,9 |
| 47. | Физиологија со функционална анатомија (3+3), зимски 2016/2017, 3x15x0.03 = 1.35x2 = 2.7 | 2,7 |
| 48. | Хумана генетика (3+3), зимски 2016/2017, 3x15x0.03 = 1.35x3 = 4.05 | 4,05 |

| Ред. број | Назив на активноста (наставно-образовна): | Поени |
|---|---|---|
| 49. | Физиологија со функционална анатомија (4+2), зимски 2016/2017 (преслушувачи) 2x15x0.03 = 0.9 | 0,9 |
| | **Подготовка на нов предмет (7x1)** | 7 |
| 50. | Хумана генетика и физиологија (Институт за психологија) прв циклус 2017 | 1 |
| 51. | Академско пишување и објавување трет циклус 2014 | 1 |
| 52. | Церебрална парализа трет циклус 2014 | 1 |
| 53. | Квантитативни и квалитативни методи на истражување во дефектологијата трет циклус 2014 | 1 |
| 54. | Первазивни развојни нарушувања трет циклус 2014 | 1 |
| 55. | Современи аспекти во едукацијата на децата со аутизам трет циклус 2014 | 1 |
| 56. | Современи медицински тенденции кај Down синдром трет циклус 2014 | 1 |
| | **Консултации со студенти во периодот од 2012-2017 (1550x0.002)** | 3,1 |
| | **Ментор на дипломска работа (23x0.2)** | 4,6 |
| | **Член на комисија за оцена или одбрана на докторат (4x0.5)** | 2 |
| | **Член на комисија за оцена или одбрана на магистратура (15x0.3)** | 4,5 |
| | **Член на комисија за оцена или одбрана на дипломска работа** (34x0.1) | 3,4 |
| | **Рецензент на универзитетски учебник** | 1 |
| 57. | Рашиќ-Цаневска О. (2016) Окупациона терапија. Скопје:Филозофски факултет (ISBN 978-608-238-103-9) | 1 |
| | | |
| | | |
| | | |
| | | |
| | | |

| Ред. број | Назив на активноста (наставно-образовна): | Поени |
|---|---|---|
| | | |
| | | |
| | **Вкупно** | **110,5** |

## НАУЧНОИСТРАЖУВАЧКА ДЕЈНОСТ

| Ред. број | Назив на активноста (научноистражувачка): | Поени |
|---|---|---|
| | **Ментор на докторска дисертација** | |
| 1. | Ментор на докторска дисертација Јасмина Трошанска: „Проблеми во процесирањето и интегрирањето на сензорните дразби кај децата со аутизам“, одбранета на 12.12.2017. | **3** |
| 2. | **Ментор на магистерска работа** (7x1)<br>- Марија Цакиќ: „Бариери со кои се соочуваат младите лица со инвалидност во Република Македонија низ секојдневниот живот,“ одбранета на 1.10.2012<br>- Милена Илиќ Пешиќ: „Квалитетот на односот меѓу браќата и сестрите во семејствата кои имаат дете со аутизам,“ одбранета на 10.6.2013<br>- Бисера Младеновска: „Програма за сексуална едукација: влијание врз знаењата и ставовите на лицата со попреченост за сексуалноста,“ одбранета на 8.5.2014<br>- Розалија Давковска: „Семејно функционирање и однесување на родителите на деца со аутизам“ одбранета на 9.6.2014.<br>- Мери Нолчева: „Стрес, начини на справување и поддршка на родители на деца со аутистичен спектар на нарушување,“ одбранета на 12.6.2015<br>- Благица Станоевска: „Имплементација на ASQ-3/етапен развоен прашалник“ одбранета на 7.12.2015.<br>- Андријана Михаиловска: „Разлики во депресивност, социјална поддршка и локус на контроал меѓу мајки на деца со и без аутизам и со други развојни нарушувања,“ одбранета на 24.4.2016. | 7 |
| 3. | **Учесник во меѓународни научени проекти** | **20** |
| | “Enhancing the Scientific Study of Early Autism” – COST-проект 2010-2014 | 5 |
| | “A Program for Full Socialization of Special Needs Children Into Their Communities”, EU project, 2014-2015 | 5 |
| | “Equity and Social Inclusion through Positive Parenting” by Erasmus+ program, EU project, 2015-2018 | 5 |

| Ред. број | Назив на активноста (научноистражувачка): | Поени |
|---|---|---|
| | "Training parents of children with autism in Macedonia" together with Brigham State University (Dr. Blake Hansen), 2016 | 5 |
| 4. | **Изготвување и пријавување на научен/образовен меѓународен проект** | **4** |
| | „Учење за самозастапување на лица со инвалидност" -носител заедно со колеги од Белград, Нови Сад и Осиек | 2 |
| | „*The library club: solving one of the autism puzzles*" – заедно со НУБ „Св. Климент Охридски" | 2 |
| 5. | **Учесник во национален научен проект** | **6** |
| | Обучувач во проектот "Програма за целосна социјализација на деца со посебни потреби во нивните заедица", фондација Аполонија и МНЗА, финансиран од Европска Унија, 2014 | 3 |
